Правилникот за заштита на податоците на Vip операторот се однесува на процесот на собирање и употреба на лични податоци, кои Vip операторот може да ги собира кога ќе купите производи или услуги на Vip операторот.

Vip операторот може периодично да го ажурира Правилникот за заштита на податоците и секоја промена на Правилникот ќе биде објавена на веб страницата на Vip операторот.

Со ваш пристап на веб страницата на Vip операторот, давате согласност дека сте ги прочитале и разбрале и дека ги прифаќате условите од овој Правилник за заштита на податоците.

Vip операторот собира лични податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци, во согласност со другите соодветни регулативи во Република Македонија и во согласност со внатрешните акти на Vip операторот.

Vip операторот ги собира личните податоци кога ќе пристапите на веб страницата и ќе нарачате производи или услуги што Vip операторот ги нуди преку веб страницата.
Vip операторот има пристап и ги собира само оние лични податоци што вие доброволно сте ги обезбедиле.

Во личните податоци што можат да се собираат спаѓаат: вашиот претплатнички број на Vip операторот, адресата на вашата електронска пошта, информации од вашата кредитна картичка и сл. Ве молиме имајте предвид дека бројот на кредитната картичка се испраќа преку високошифрирана врска директно до банката. Ние немаме пристап до никакви информации поврзани со вашата картичка или вашата сметка во банка.

Vip операторот ги презема сите потребни организациски, административни, технички и физички мерки за заштита на вашите лични податоци, со цел да спречи загуба, кражба и злоупотреба, како и неавторизиран пристап, нивна објава, промена или уништување. Vip операторот ќе ги користи личните податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци и со други соодветни регулативи на Република Македонија.

Vip операторот нема да ги објави личните податоци пред ниедна трета страна. Vip операторот може да ги обезбеди личните податоци само во случаи каде што тоа е дозволено или законски пропишано, со цел да ги искористи своите права или да ги заштити своите интереси или да постапи во согласност со судски наредби или други правни или регулативни потреби.

Ако имате какви било прашања во врска со Правилникот за заштита на личните податоци, слободно контактирајте нè на kontakt@vipoperator.mk